# С И Т О   П Е Ч А Т   S I L K   S C R E E N

IKON
assotiation for culture



Костадин Танчев-Динка е роден во 1940 г. во Валандово. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград во 1967 г. Се занимавал со филм, филмска анимација,театарска сценографија, графички дизајн, плакат, графика, сликарство, а негова потесна специјаност се визуелните комуникации. Од 1984 г. предава на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Самостојни изложби приредил во Лондон, Цирих, Анкара, Скопје, Валандово, додека групно излагал на бројни изложби во Париз, Келн, Нирнберг, Бергбаухандел, Австралија, САД, Загреб, Белград, Нови Сад, Љубљана, Блед, Скопје итн. Добитник е на 41 национални и интернационални награди.

## КОСТАДИН ТАНЧЕВ-ДИНКА
## KOSTADIN TANCEV-DINKA

Kostadin Tancev-Dinka was born in 1940 in Valandovo. He graduated from the Academy of Applied Art, Belgrade in 1967. He has been active in the areas of film, film animation, theatre set design, graphic design, poster art, graphic arts, painting, while his narrow speciality is visual communications. Since 1984 he has taught at the Faculty of Fine Art, Skopje. He has had a number of solo exhibitions in London, Zurich, Ankara, Skopje and Valandovo, and taken part in various group exhibitions in Paris, Cologne, Nuremberg, Australia, the United States, Zagreb, Belgrade, Novi Sad, Ljubljana, Bled and Skopje. He is the recipient of more than forty national and international awards.









## С И Т О   П Е Ч А Т

Ценејќи ги напорите, кои се прават од домашната и меѓународната заедница, во надминувањето на меѓуетничките тензии во нашата земја, невладината и непрофитна асоцијација за култура ИКОН, со своите програми од областа на културата, сака да го даде својот придонес во градењето на општеството на еднакви граѓани. Ваквите работилници допринесуваат во градењето на пријателство и доверба kaј уметниците кои припаѓаат на една генерација, Без разлика на нивната верска или национална припадност, афирмирајки ги пред сé, нивните ликовни квалитети.

За стручното водство на, експертот за сито печат, проф. Костадин Танчев - Динка, му должиме голема благодарност, kako и, на уметниците, Емилија Лазаревска, Александар Јовановски, Мариела Мицовска, Хари Дудовски, Решат Чилафи, Кристина Битракова, Ќамилов Орхан, Александра Милошевиќ, Елизабета Рисковска, Марија Ветероска, Ана Минова и Сашка Андреевска кои, покажаа дека уметноста може.

Климе Коробар
претседател на Асоцијацијата за култура ИКОН

## S I L K   S C R E E N

Appreciating the efforts made by the domestic and international community in surpassing the inter-ethnic tensions in our country, the non governmental and non profit organization IKON, through its own cultural programs, seeks to contribute to the construction of the society of equal citizens.

This kind of workshops is helpful in building friendly feelings and confidence among the artists from one generation - regardless of their religion and ethnicity, and promoting, above all, their artistic qualities.

We ought to express our gratitude to the silk-screen expert Kostadin Tancev - Dinka, as well as to the artists Emilija Lazarevska, Aleksandar Jovanovski, Mariela Micovska, Hari Dudovski, Resat Chilafi, Kristina Bitrakova, Chamilov Orhan, Aleksandra Miloshevic, Elizabeta Riskovska, Marija Veteroska, Ana Minova and Sashka Andreevska who have demonstrated that the art can do it.

Klime Korobar, president
Culture Association IKON







ЕМИЛИЈА ЛАЗАРЕВСКА

Родена во Скопје во 1977 г. Во 2002 г. дипломирала на ФЛУ, на одделот за графика во калсата на проф. Костадин Танчев -Динка. Од 1997-2002 учествувала на две групни интернационални изложби и на две колонии во Републиката.

Адреса: Ул. 29 Ноември, 46/2-4, 1000 Скопје
тел.+ 389 02 237-872
e-mail: emillazaro@ yahoo.co.uk



EMILIJA LAZAREVSKA

Born 1977 in Skopje. Graduated from the Faculty of Fine Arts in 2002 at the graphic arts department in the class of Prof. Kostadin Tancev - Dinka. Between 1997 and 2002 participated two international group exhibitions as well as two art colonies in the Republic of Macedonia.

Address: 29-ti Noemvri 46/2-4, 1000 Skopje
Phone: ++ 389 (0)2 237-872
e-mail: emillazaro@ yahoo. co. uk

АЛЕКСАНДАР ЈОВАНОВСКИ

Роден во Велес во 1977 г. Во 2001 г. дипломирал на ФЛУ, на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Во 2001 г. се запишува на постдипломски студии на ФЛУ на истиот оддел. Од 1966-2002 г. участвувал на две графички меѓународни биенални манифестации во Македонија и СРЈ. Од 1996-1999 учествувал на четири ликовни колонии во Македонија. Добитник е на две награди. Во 2002 г. бил на студиски престој во САД.

Адреса: Ул. Пајак планина бр 1, Велес
тел. + 389 043 232121
e-mail: aleksandar -Jovanovski@yahoo. com



ALEKSANDAR JOVANOVSKI

Born 1977 in Veles. Graduated from the Faculty of Fine Arts in 2002 at the graphic arts department in the class of Prof. Kostadin Tancev - Dinka. Entered post graduate studies at the Faculty of Fine Arts. Between 1996 and 2002 participated two international biennial exhibitions in Macedonia and Yugoslavia. During the same period participated four art colonies in the Republic of Macedonia. Winner of two prizes. In 2002 study trip to USA.

Address: Pajak planina 1, Veles
Phone: ++ 389 (0)43 232121
e-mail: aleksandar -Jovanovski @ yahoo. com

Емил Алексиев

# ВО ПОТРАГА ПО ЗАГУБЕНОТО ЕДИНСТВО

Идејата да се организира уметничка работилница каде млади уметници со различна етничка припадност под раководство на еден мајстор заеднички ќе создаваат дела кои се условени единствено од технологијата на изработка (како што тоа го условува сито печатот), поседува конотација која не е едноставно да се открие. Имено, во ова турболентно време на делби и отуѓеност, колку и да е овој потфат навидум минорен, тој упатува на едно поинакво рамниште на реалноста каде врските меѓу луѓето се сé уште зачувани и каде уметноста нé обединува враќајќи нé во времето кога техне и поиесис не биле одделени, туку овозможувале да се допре до единството на Убавината, Вистината и Добрината, и конечно, до загубената целовитост на светот.

Утопискиот модел кој е прикриен зад еден ваков став, произлегува, во крајна консеквенца, од деветнаесетвековниот романтизам, трансцендентализам и социјализам, од идеологијата на пролеткултот, руските конструктивисти и од програмите на Де Стил и Баухаус.

Шилер (Schiller) и германските романтичари, на уметноста и доделуваат задача повторно да ги поврзе единката, општеството и природата. Според Вилијам Морис (William Morris), уметноста, или подобро формативната дејност на уметникот, претставува егземпларен модел, најделотворно средство со кое секојдневната егзистенција станува хумана. За него уметноста има задача да го втемели секојдневниот живот на нови и автентични основи. На трагата од идеите на Раскин (Ruskin), тој уметноста ја поставува во средиштето на светот - таа е средишна точка во однос на која се одредува мерката на сите нешта и смислата на животот. Ван де Велде, надоврзувајќи се на идеите на Морис, смета дека убавото е општо добро. Тој во уметноста гледа средство за менување на поединецот, за враќање кон неговата првобитна целовитост, и конечно за изградба на едно ново хумано општество. Утопистичките идеи на Раскин ќе се обидат да ги реализираат преку своите проекти архитектите Рајт (Wright) и Гропиус (Gropius). Социјалниот аспект на уметноста, веЌе поставен во границите кои ги одредуваат Раскин и Морис, се развива во широко движење усмерено кон тотално вклучување на уметноста во општествениот живот - Art Nuoveau. Историската авангарда во уметноста исто така прокламира ново хумано општество (пост-индустриска фаза) во кое ќе се сретнат повторно природата и човекот, органското и механичкото, емоциите и разумот. Таа стратегиски го напаѓа општеството кое произлегува од индустриската револуција (кое го анализира Маркс, а го опишуваат Дикенс и Горки) и дехуманизацијата и алиенацијата како негова последица, автоматизација на работата и на секојдневната егзистенција, трансформацијата на уметничкото дело во стока, фетишизмот и супремацијата на пазарните односи во уметноста. За Мондриан уметноста е пат кон конечно ослободување на човекот. Таа е проект за естетско создавање на целосен живот, враќање на егзистенцијата кон својот тоталитет. Во програмата на Де Стијл сликата, скулптурата, предметот и градбата во основата се јазични модели и како такви имаат за цел да делуваат на индивидуалното и колективното однесување. Херберт Рид (Herbert Read) на уметноста и дава педагошка функција во интеграцијата на единката и општеството. Херберт Маркузе во своето дело Естетска димензија оваа тенденција ја третира како еден од белезите на авангардите и модерната уметност воопшто. Надминувањето на секојдневното трагично (Теодор Адорно) се остварува кога естетската контемплација нема да биде веќе привилегиран миг на егзистенцијата (убавото не е празнична премија или декоративен додаток на секојдневниот живот, туку општо добро - смета Ван де Велде) туку, ако се претвори во перманентна контемплација или конечно дејствување во насока на естетизација на општеството.

## МАРИЕЛА МИЦОВСКА

Родена во Скопје во 1980 г. Апсолвент е на ФЛУ, на од-делот за графика во класата на проф. Мирко Вујисиќ. Од 1998-2002 г. учествувала на сите групни изложби органиизрани од ФЛУ. Од 2001-2002 г. учествуавла на три меѓународни графички биенални манифестации во земјата и странство. Добитник е на една меѓународна награда.

Адреса: Димо Хаџи Димов 2/44 , 1000 Скопје
тел + 389 70 598061



## MARIELA MICOVSKA

Born 1980 in Skopje. In 2002 completed the curriculum at the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Mirko Vujisic. Between 1998 and 2002 participated all group exhibitions organized by the Faculty of Fine Arts. In the course of the past two years participated three international biennial exhibitions of graphic arts home and abroad. Winner of one international prize.

Address: Dimo Hadzi Dimov 2/44 , 1000 Skopje
Phone: ++ 389 70 598061

## ДУДЕВСКИ ХАРИ

Роден во Прилеп во 1974 г. Дипломирал во 2000 г. на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. 2002 г. организирал две самостојни изложби. Во 2001 г. завршил постдипломски студии на истиот оддел при ФЛУ. Од 1996-2001 г. учествувал на осумнаесет групни изложби во земјата и странство. Од 1996-2001 г. учествувал на девет колонии низ Републиката.

Адреса: Ул. Пушкинова 4-2/33, 1000 Скопје
тел: + 398 2 773 248



## DUDEVSKI HARI

Born 1974 in Prilep. Graduated from the Faculty of Fine Arts in 2000 at the graphic arts department in the class of professor Kostadin Tancev - Dinka. Two solo exhibitions. In 2001 finished his post-graduate studies at the Faculty of Fine Arts. Between 1996 and 2001 participated eighteen exhibitions home and abroad. During the same period participated nine art colonies throughout the Rep. of Macedonia.

Address: Puskinova 4-2/33, 1000 Skopje
Phone:: ++ 398 (0)2 773 248

## РЕШАТ ЧИЛАФИ

Роден во 1976 г. во Скопје. Во 2002 г. дипломирал на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Од 1999 -2002 учествувал на пет групни изложби во Скопје.

Адреса: С. Рашче, 1000 Скопје
тел. 070-599 384



## RESAT CHILAFI

Born 1976 in Skopje. Graduated in 2002 at the Faculty of Fine Arts at the department for graphic arts in the class of professor Kostadin Tancev - Dinka. Between 1999 and 2002 participated five group exhibitions in Skopje.

Address: vil. Rasce, 1000 Skopje
tel. ++ 389 (0)70-599 384

МАРИЈА МИЦОВА

Родена во Скопје во 1980 г. Во 2002 г. е апсолвент на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Мирко Вујисиќ. Досега учествувала на неколку групни изложби во Републиката.

Адреса: Ф. М. Достоевски бр. 8 б. 1000 Скопје
тел: + 389 2 348 696



MARIJA MICOVA

Born 1980 in Skopje. In 2002 completed the curriculum at the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Mirko Vujisic. So far participated at several group exhibition in the Republic of Macedonia.

Address: F. M. Dostoevski 8 b. 1000 Skopje
Phone:: ++ 389 (0)2 348 696

АЛЕКСАНДРА МИЛОШЕВИЌ

Родена во Скопје во 1980 г. Во 2002 г. е апсолвент на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Мирко Вујисиќ. Досега учествувала на неколку групни изложби во Републиката.

Адреса: Бул. АВНОЈ бр. 106/ 4-5, 1000 Скопје
тел: + 389 2 444 205



ALEKSANDRA MILOSHEVIC

Born 1980 in Skopje. In 2002 completed the curriculum at Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Mirko Vujisic. Participated at several group exhibitions in the Republic of Macedonia.

Address: AVNOJ 106/ 4-5, 1000 Skopje
Phone: ++ 389 (0)2 444 205

РИСКОВСКА ЕЛИЗАБЕТА

Родена во Скопје во 1977 г. Во 2001 г. дипломирала на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Учествувала на девет групни изложби во Републиката.

Адреса: Ул Ф. Рузвелт 67/13, 1000 Скопје
тел: +389 2 367 251



RISKOVSKA ELIZABETA

Born 1977 in Skopje. In 2001 graduated from the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of professor Kostadin Tancev - Dinka. Participated nine group exhibitions in the Republic of Macedonia.

Address: F. Ruzvelt 67/13, 1000 Skopje
Phone:: ++389 (0)2 367 251

Emil Aleksiev

## SEARCHING AFTER THE LOST ONENESS

The very idea of setting up an art workshop where the young artists of different ethnicity - superintended by a skilled artist - would together create works which are conditioned only by the technology of manufacture (as it is the case with the silk-screen printing) has the connotation which is not easily revealed. Namely, however inconsequential may this endeavor seem to be in these turbulent times of divisions and alienation, it is actually pointing at an altered level of reality where relations among the people are still preserved and where the art makes us unite while bringing us back to the times when *techne* and *poiesis* were not separated but were making possible to reach for the oneness of Beauty, Truth and Goodness, that is to say, to the lost wholeness of the universe.

The Utopian model which is lurking behind this stance, is ultimately stemming from the 19th century romanticism, transcendentalism and socialism, from the proletarian culture ideology, from the Russian constructivists as well as the programs of De Stijl and Bauhaus.

Shiller and the German romanticists have assigned to the art the task of reuniting the individual, the society and the nature. According to William Morris, the art, or better still, the formative action of the artist represents an exemplary model, the most efficient means by which everyday existence becomes humane. In his view the art has a duty to put the everyday life on new and authentic foundations. Morris, in following the ideas of Ruskin, is placing the art at the very center of the universe - it is a midpoint that is the measure of all things and of the meaning of life. Van de Velde is expounding upon this notion of Morris with his consideration of the beautiful as a the common welfare. He sees the art as a vehicle of change of the individual, a way of retrieving one's original wholeness, and finally, of devising a new humane society. The architects Wright and Gropius will seek to fulfill in their projects the Utopian concepts of Ruskin. The social aspect of the art, as it was delineated with Ruskin and Morris, continues to grow into a large movement directed towards utter embodiment of art within the social life - Art Nouveau. The historic avant-garde artistic movements have also urged for a new, humane society (post-industrial stage) wherein the man and the nature, the organic and the mechanical, the emotions and the reason shall meet again. The avant-garde practices are strategically attacking the society issuing from the industrial revolution (the society that Marx had analyzed, the society that was described by Dickens and Gorky), as well as its consequences: the dehumanization and alienation, the automatization of the labor and of everyday existence, the transformation of the artwork into a commodity, the fetishism and the supremation of market oriented relations in the art. To Mondrian the art is a way of ultimate deliverance of men. It is the project of aesthetically creating a total life, of returning the existence to its proper totality. In the programme of De Stijl, the painting, the sculpture, the object, and the building are treated as generally linguistic models finding their purpose in affecting the individual and collective behavior. Herbert Read is assigning to the art a pedagogic function of integrating the individual and the society. This tendency is approached in Herbert Marcuse's work *The Aesthetic Dimension*, where he treats it as one of the characteristic features of the avant-garde movements and of modern art in general. Overcoming the daily tragic (Theodor Adorno) is achieved when the aesthetic contemplation is no longer a privileged moment of the existence (the beautiful is neither a festival win nor a decorative gadget of the workaday life but a public good - says Van de Velde), that is to say, in attaining the state of a permanent contemplation or of a decisive action aimed at making the aesthetic society.the individual and collective behavior. Herbert Read is assigning to the art a pedagogic function of integrating the individual and the society. This tendency is approached in Herbert Marcuse's work *The Aesthetic Dimension*, where he treats it as one of the characteristic features of the avant-garde movements and of modern art in general. Overcoming the daily tragic (Theodor Adorno) is achieved when the aesthetic contemplation is no longer a privileged moment of the existence (the beautiful is neither a festival win nor a decorative gadget of the workaday life but a public good - says Van de Velde), that is to say, in attaining the state of a permanent contemplation or of a decisive action aimed at making the aesthetic society.

ВЕТЕРОСКА МАРИЈА

Родена во Скопје во 1980 г. Во 2002 г. е е апсолвент на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Мирко Вујисиќ. Досега учествувала на повеќе групни изложби во Републиката, а од 2001-2002 г. учествувала на интернационални биенални графички манифестации во земјата и странство. Во 2001 г. добитник е на една меѓународна награда за цртеж, а во 2002 г. добитник е на наградата за најдобар млад дизајнер „Сонце на надежта" и на награда на ФЛУ.

Адреса: ул. Валдимир Комаров бр.1-2/20, 1000 Скопје
тел: 070-581650



VETEROSKA MARIJA

Born 1980 in Skopje. In 2002 completed the curriculum at the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Mirko Vujisic. Several group exhibitions in the Republic of Macedonia. In the course of the past two years participated at international biennial exhibitions of graphic arts home and abroad. In 2001 winner of an international prize for drawing. In 2002 winner of the award "Sonce na nadezta" as the best young designer, and a winner of the award of the Faculty of Fine Arts.

Address: Vladimir Komarov 1-2/20, 1000 Skopje
Phone: ++389 (0)70 581650

МИНОВА АНА

Родена во Скопје во 1979 г. Во 2002 г. е апсолвент на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Мирко Вујисиќ. Досега учествувала на неколку групни изложби во Републиката.

Адреса: Бул. Јане Сандански, бр. 29/23, 1000 Скопје
тел: + 389 2 455563, 070 688 611



MINOVA ANA

Born 1979 in Skopje. In 2002 completing the curriculum at the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Mirko Vujisic. So far participated at several group exhibitions in the Republic of Macedonia.

Address: Jane Sandanski, 29/23, 1000 Skopje
Phone: ++ 389 (0)2455563; (0)70 688611

АНДРЕЕВСКА САШКА

Родена во 1978 г. во Скопје. Во 2001 г. дипломирала на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Учествувала на десет групни изложби во Републиката.

Адреса: Бул. Јане Сандански, бр. 52-1/7, 1000 Скопје
тел: + 389 2 452 035



ANDREEVSKA SASHKA

Born in 1978 in Skopje. In 2001 graduated from the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Kostadin Tancev - Dinka. Participated at ten group exhibitions in the Republic of Macedonia.

Address: Jane Sandanski 52-1/7, 1000 Skopje
Phone: ++ 389 (0)2452035

БИТРАКОВА КРИСТИНА

Родена во Охрид во 1976 г. Во 2000 г. дипломирала на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Зоран Јакимовски. Учествувала на девет групни изложби во Републиката. Во 2002 г. е студент на втора година на постдипломски студии во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Од 1999-2002 г. учествувала на осум изложби низ Републиката и на три биенални и триенални интернационални графички манифестации во земјата и странство.

Адреса: Бул. Јане Сандански бр. 59, 1/9, 1000 Скопје
тел: + 389 2 455 990, 070 544-348



BITRAKOVA KRISTINA

Born 1976 in Ohrid. In 2000 graduated from the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Zoran Jakimovski. Participated at nine group exhibitions in the Republic of Macedonia. In 2002 a second year post graduate student in the class of Prof. Kostadin Tancev. From 1999 to 2002 participated at eight exhibitions throughout Macedonia and at three biennial and triennial international graphic arts events here and abroad.

Address: Jane Sandanski 59, 1/9, 1000 Skopje
Phone: ++ 389 (0)2 455 990; (0)70 544348

ЌАМИЛОВ ОРХАН

Роден во Кочани во 1977 г. Во 2002 г. дипломирал на ФЛУ на одделот за графика во класата на проф. Костадин Танчев-Динка. Од 1999-2002 г. учествувал на годишните изложби на ФЛУ.

Адреса: Никола Вапцаров, бр. 6, 33000 Кочани
тел. + 389 33 277 465



CHAMILOV ORHAN

born 1977 in Kocani. In 2002 graduated from the Faculty of Fine Arts at the graphic arts department in the class of Prof. Kostadin Tancev - Dinka. From 199 to 2002 participated at he annual exhibitions at the Faculty of Fine Arts.

Address: Nikola Vapcarov 6, 33000 Kocani
Phone: ++ 389 (0)33 277465

Издава: Асоцијација за култура ИКОН
Одговорен уредник: Климе КОРОБАР, претседател
Предговор: Емил АЛЕКСИЕВ
Фото: Станимир НЕДЕЛКОВСКИ
Подготовка и печат: Скенпоинт
Скопје, јули 2002 година

Графичката работилница и каталогот се помогнати од:

ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА,
ЕВРОПСКА ФОНДАЦИЈА ЗА КУЛТУРА, КУЛТУРА НОВА,
ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ, ВИСОК КОМЕСАРЈАТ ЗА БЕГАЛЦИ УНХЦР
ЕУРО БИЗНИС ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

Publisher: Association for Culture IKON
Editor and Chief: Klime KOROBAR
Preface: Emil ALEKSIEV
Photo: Stanimir NEDELKOVSKI
Prepress and Printed by: Skenpoint
Skopje, July 2002

The realization of the catalog and the project is supported by

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
EUROPEAN CULTURAL FOUNDATION
UNITED NATIONS, HIGH COMMISSIONER FOR REFUGEES UNHCR
WORLD-WIDE BUSNESS CENTRES NETWORK - SKOPJE

ISBN: 9989-921-05-9

КИЦ-СКОПЈЕ
CIC-SKOPJE

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

EUROPEAN
CULTURAL
FOUNDATION

UNHCR

ЕУРО БИЗНИС ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
WORLD-WIDE BUSINESS CENTRES NETWORK